Врз основа на член 59 став 2, од Законот за сточарството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОДДЕЛНА ЈАВНА УСЛУГА ЗАШТИТА НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО СТОЧАРСТВОТО, НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕТО И МОНИТОРИНГОТ НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО СТОЧАРСТВОТО И ЗАЧУВУВАЊЕТО НА ГЕНЕТСКАТА ВАРИЈАБИЛНОСТ И ГЕНЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ДОБИТОКОТ

## Член 1

Со овој правилник се дефинираат поблиските условите кои треба да ги исполни вршителот на јавни услуги при вршењето на услугите согласно членовите 59 став 2, 53 став 2, 55 став 2, 62 став 1 од Законот за сточарството.

## Член 2

Поблиските услови кои треба да ги исполни вршителот на јавната услуга заштита на биолошката разновидност во сточарството, начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството и зачувувањето на генетската варијабилност и генетските резерви на добитокот се:

1. Поседување или користење на соодветен простор:

   - да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветен простор за соодветно складирање и чување на генетскиот материјал во облик на семе, ембриони, јајце клетки, ткива, ДНК и др, и
   - да поседува соодветен простор каде може да се реализираат соодветни лабораториски анализи (биохемиска и молекуларно генетска карактеризација) по меѓународно прифатени и споредливи методи.

2. Соодветна техничка опременост:

   - да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветена опрема за соодветно складирање и чување на генетскиот материјал во облик на семе, ембриони, јајце клетки, ткива, ДНК и др;
   - да ја поседува следната опрема: PCR, Real-time PCR, DNA Genetic anlyzer и останати пропратни апарати (електорфореза, фрижидери и др) за реализација на соодветни лабораториски анализи по меѓународно прифатени и споредливи методи;
   - да поседува соодветна опрема (соодветни програмски пакети) која овозможува брза, стручна и квалитетна обработка на податоците по меѓународно прифатени и споредливи методи, и

- да поседува соодветна опрема која овозможува брза, стручна и квалитетна обработка на податоците и пополнување на Регистарот на раси со зоотехничка оцена.

3. Соодветна кадровска екипираност:

- да има вработено најмалку пет доктори на науки во областа на земјоделските науки – сточарство; со потесна сецијалност на кадрите во областа на заштитата и карактеризацијата на биолошката разновидност кај домашните животни, популациската генетика и селекцијата на домашните животни и молекуларната биологија.
- искуство на кадрите во реализација и координирање на национални и меѓународни програми од областа на биолошката разновидност во сточарството

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-10318/1
12.10.2010 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски